# Службен гласник
## на Општина Струмица


| Број 15 | Понеделник, 02 декември 2024 год. |
| --- | --- |

www.strumica.gov.mk


### С о д р ж и н а

**Градоначалник на Општина Струмица:**


**Рег.бр.** **Стр.**

**503. Решение** за давање на согласност за отварање на сметка на СОУ „Јане Сандански“ Струмица ..........**2**

**504. Решение** за објавување на прописите и другите акти донесени на 42-та седница на Советот на општина Струмица ..........**2**


**Совет на Општина Струмица:**


**Рег.бр** **Стр**

**505. Програма** за измена на Програмата за активностите на општина Струмица во областа на локалниот економски развој и туризмот во 2024 година.......... **3**

**503.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 и член 63 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 39 од Статутот на општина Струмица-пречистен текст („Сл.гласник на Општина Струмица“ бр.5/06), а во врска со отварање и затварање на сметки на буџетски корисници во рамките на трезорската сметка, глава IV точка 16 алинеја 5 од Упатството за начинот на трезорско работење („Сл..весник на РМ“ бр.219/2018), Градоначалникот на општина Струмица, дава

**Р Е Ш Е Н И Е**
за давање на согласност за отварање на сметка

1.На буџетскиот корисник **СОУ “ Јане Сандански“ Струмица** му се дава согласност за отварање на донаторска сметка **785** за добивање на грант во вредност **од 5050 EUR** од страна на **Фондација Заеви – едно општество за сите**, за опремување на кабинет и осовременување на наставата **по предметот физика.**

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.05-8858/2 Општина Струмица
28.11.2024 год. Градоначалник
С т р у м и ц а Костадин Костадинов

………………………………

**504.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на Општина Струмица („Службен гласник на Општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Градоначалникот на Општина Струмица, донесе:

**Р е ш е н и е**
**за објавување на прописите и другите акти донесени на 44-та седница на Советот на општина Струмица**

I.Се објавуваат прописите и другите акти донесени на 44-та седница на Советот на општина Струмица, одржана на 29.11.2024 година и тоа:

1.Програма за измена на Програмата за активностите на општина Струмица во областа на локалниот економски развој и туризмот за 2024 година, бр.08-9035/1 од 02.12.2024 година.

II.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.09-9036/2 Општина Струмица
02.12.2024 год. Градоначалник
С т р у м и ц а Костадин Костадинов

………………………………

…………………………………………………………………………………………………

**505.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 29.11.2024 година, донесе

**П р о г р а м а**
**за измена на Програмата за активностите на општина Струмица во областа на локалниот економски развој и туризмот за 2024 година**

1.Во Програмата за активностите на општина Струмица во областа на локалниот економски развој и туризмот за 2024 година („Службен гласник на општина Струмица“ број 19/23):

- Во Активност бр 9: насловот:„**Фасади на оштетени згради“** се заменува со насловот: **Реконструкција и адаптација на дел од општински објект – втори спрат од касарна Струмица, регионален центар за бизнис и земјоделие и повеќенаменски социјален центар“.**

2.Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица”.

Бр.08-9035/1
02.12.2024 год
С т р у м и ц а

Совет на општина Струмица
Претседател,
Марјан Даскаловски

..........................................